**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-52/5**

**Скопје, 12.06.2008 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за животна средина и просторно планирање (во понатамошниот текст МЖСПП) - Сметка за средства од буџетот на РМ, за 2007 година, кои се прикажани на страните 11 до 13.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на МЖСПП – сметка за средства од буџетот на РМ за 2004 година. За годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Имер Алиу, министер , од 01.09.2006 година до 20.02.2007 година и
   - Џелил Бајрами, министер, 02.03.2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 10, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 03.03-30.04.2008 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

**10.1. Системски слабости во процесот на финансирање на проектите од областа на животната средина**

10.1.1. Ревизијата констатира дека слабостите утврдени со ревизорскиот извештај од 2004 година а во врска со утврдените неправилности во процесот на финансирање на проектите од областа на животната средина и во 2007 година не се променети, ниту МЖСПП има превземено мерки за нивно надминување.

Процесот започнува со доставување на барања од заинтересираните субјекти до МЖСПП без претходно објавен јавен оглас што укажува на нетранспарентност, ограничување на можноста за јавна информираност на сите субјекти да учествуваат во постапката на доделување на финансиските средства за оваа намена, и нерамноправна положба на едни во однос на други субјекти. Одлуката за тоа кои проекти ќе се финансираат се носи без претходно формирано стручно тело-комисија и без утврдени критериуми за избор, што подразбира стручни и компетентни лица со однапред поставени критериуми да извршат евалуација на пристигнатите барања и правилен избор на проекти согласно пропишаните критериуми.

Ваквиот пристап дава можност донесените одлуки за финансирање на одредени проекти да не се објективни што во голема мера го зголемува ризикот од фаворизирање на одделни проекти во однос на други, а сето ова може да се ефектуира во загрозување на основната цел на финансирањето.

10.1.2. Со извршениот увид во реализацијата на капиталните расходи ревизијата констатира дека 87% од средствата се реализирани во последните три месеци од годината, што се должи на неадекватното менаџерско управување. И покрај донесениот план за ЈН во законски утврдениот рок, министерство во првите шест месеци од годината има реализирано само 2% од утврдените капитални расходи со Буџетот, поради што со ребаланост на Буџетот на МЖСПП му се одземени финансиски средства согласно законските прописи, кои подоцна му се вратени со цел да се реализираат одредени проекти кои се од круцијално значење за заштитата на животната средина.

Имајки го во предвид периодот на реализација на капиталните расходи (зголемен интензитет во последните два месеци од годината) постои ризик истите да не се реализираат од причина што средствата за капитални

расходи најчесто во министрествотo се наменети за изведување на градежни активности, за изградба или санација на системи или објекти, потенцијални жешки точки и сл, чии изведбени активности зависат во голема мера од надворешните временски услови.

Ваквиот начин на лошо менаџирање од страна на раководството можело да предизвика импликации како врз реализацијата на капиталните расходи за проектите со кои се опфатени со специфични програми од областа на заштита на животната средина така и врз ефективното и ефикасното извршување на поставените цели во Годишната програма за работа за 2007 година.

10.1.3. Со извршениот увид во договорите за финансирање на проекти од областа на животната средина а кои се однесуваат на градежните работи ревизијата контатира дека не постои взаемна соработка помеѓу министерството кое се јавува како инвеститор и општината која е барател и воедно корисник на проектот.

Министерството ги спроведува постапките за јавни набавки и склучува договори со избраните понудувачи без претходно да ги дефинира меѓусебните права и обврски со општината од аспект на обезбедување дозвола за градење, изработка на главен проект и ревизија на техничката документација, вршење на стручен надзор и сл. Нерегулирањето на меѓусебните права и обврски создава ризик од фактички и правни пречки за отпочнување на градежните работи и застој во реализацијата на самиот проект.

**Препораки**

1. Министерството да објави јавен оглас за прибирање барања во врска со финансирањето на проектите за заштита на животната средина;
2. Да се формира стручно тело кое ќе одлучува во изборот на проектите и да се утврдат критерими за избор со цел постапката за избор на проекти за финансирање да се спроведе на трансапарентен и објективен начин;
3. Да се воспостават интерни процедури и постапки кои ќе вршат контрола во поглед на правилното спроведување на целокупната постапка околу доделувањето на финансиските средства за оваа намена;
4. ревизијата препорачува министерството навремено да ги започне предвидените активности согласно планот за јавни набавки а во функција на навремено распишување на тендери за проектите и реализацијата на изведбените активности.
5. За да се надминат овие слабости ревизијата препорачува министерството да донесе интерен акт - упатство за работа со однапред утврдени постапки кое ќе се употребува при финансирањето на проектите во однос на извршување на градежни работи. Пред спроведување на постапката за јавни набавки, министерството и општината да склучат преддоговор или договор за меѓусебна соработка во кој ќе се дефинираат правата и обврските на двете страни.

10.2. **Систем на интерни контроли**

Ревизијата изврши оценка на системот на интерни контроли и финансиско управување на Министерството со цел да добие уверување дека нивното функционирање обезбедува точност и правилност во евидентирањето на финансиските трансакции и усогласеност со законските прописи.

10.2.1. Организационата поставеност како еден од елементите на контролното опкружување е од големо значење, од причини што функционалната

организациона структура ја зголемува ефикасноста во работењето, го елиминира преклопувањето на надлежностите и обврските и дефинира соодветни линии на одговорност. Правилникот за систематизација на работните места на МЖСПП е донесен на почетокот во 2007 година и во текот на годината има претрпено неколку измени, а во 2008 година веќе е во подготовка нов Правилник за систематизација со значително помалку работните места што само по себе го наметнува прашањето на неговата функционалност.

Согласно постојната состојба, министерството не е доволно кадровски екипирано, што влијае на повеќе сегменти на негово правилно и успешно функционирање. За таа цел во текот на 2007 година покрај постојниот кадар има значителен број привремени вработувања и лица по договор на дело.

Недостатокот од стручен кадар во одредени сектори особено во Секторот за општи работи, Секторот за проектна координација, Одделението за стратешко планирање, Македонскиот информативен центар и Одделението за лабораторија го загрозува извршувањето на основните работни задачи, доведува до извесни преклопувања на одговорностите и овластувањата што предизвикува неизвесност во ефикасното функционирање на контролните постапки и целиот контролен систем.

10.2.2. Спротивно на Законот за сметковдството за буџетите и буџетските корисници и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола дел од податоците кои се внесени во деловните книги на МЖСПП не базираат на веродостојни, односно одобрени сметководствени документи и тоа:

- ex - ante (проверка пред извршување на трансакции, потврдена со потпис) од раководителите на одделенија за кои се направени расходите;
- ex - post (проверка на усогласеноста на активностите со законите, подзаконските и интерни акти, одлуки и договори по нивното извршување) и
- одобрување на плаќањата пред нивно извршување и евидентирање во сметководствената евиденција.

Ваквата состојба укажува на недоволно обезбеден систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, со која ќе се обезбеди проверка дали финансиските трансакции се извршени во согласност со законските прописи и врз основа на соодветна сметководствена документација за обезбедување целосни, вистинити и веродостојни информации во финансиските извештаи на субјектот.

**Препораки**

1. Во министерството треба да продолжат активностите на изработка на новиот правилник за систематизација, согласно насоките од Агенцијата за државни службеници за подготвување на правилник за систематизација на работните места, кој со својата функционалност ќе овозможи правилно функционирање на министерството од сите аспекти на неговото работење. Од друга страна потребна е поинтензивна комуникација со Министерството за финансии каде ќе може да се укаже на вистински оптималниот број на вработени со кои министерството ќе може правилно и навремено да одговори на законски утврдените надлежности.
2. Одговорните лица да го доизградат во целост системот на целосна внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции, како и проверка на сметководствената документација согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Закон за јавна внатрешна финасиска контрола.

10.3. **Неправилна примена на акти**

10.3.1. Во МЖСПП е воспоставен начин на прием и евиденција на документите кој не гарантира систем на целосно архивско евидентирање. Со извршените детални постапки, ревизијата констатира дека одредени влезни фактури при нивниот прием во МЖСПП не се евидентираат во деловодникот и немаат приемен штембил што е спротивно на Уредбата за архивско работење. Утврдените пропусти произлегуваат од причини што документацијата која е на лично име архивата ја препраќа во кабинетот на министерот но истата не се враќа назад за нејзино архивско заведување. Ваквиот начин на работење има за последица немање увид во датумот на приемот на фактурите, а со тоа и на обврските што произлегуваат за плаќање на истите, губење на евиденција за нивната хронологија, немање доказ при водење на евентуални судски спорови и сл.

10.3.2. Спротивно на Законот за извршување на Буџетот на вработените во министерството е доделено право на одредени лица за користење на службени возила за превоз до и од работно место без донесено одобрение од страна на министерот со кое ќе биде регулирано правото, начинот и времето на користење на службеното возило. Ваквиот начин на користење на возниот парк може да има за ефект ненаменско користење на возила и трошење на буџетските средства поради што ревизијата не беше во можност да се увери дека возилата доделени на вработените се користат соодветно и согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

**Препораки**

1. Да се воспостават пишани процедури за движењето на документацијата кои ќе обезбедат целокупната влезна документација без исклучок да биде архивски заведена.
2. Министерот да донесе интерен акт со кој ќе се утврди правото на вработените за користење на службено возило, како и да се регулира начинот и постапката на користење на службените возила на министерството.

### 10.4. Неправилна примена на сметководствените политики и начела

10.4.1. При извршениот увид во пописните листи на материјалните средства со кои располага министерството на ден 31.12.2007 година ревизијата констатира дека оние средства кои не биле сметководствено евидентирани (мобилните телефони), пописната комисија физички не ги попишала, поради што не се утврдени разликите помеѓу сметководствената и фактичката состојба на истите во соодветниот пресметковен период. Ваквиот начин на физичко попишување само на оние средства кои се и сметководствено евидентирани не е во согласност со Правилникот на сметководство за буџетите и буџетските корисници .

Ревизијата има обврска да истакне дека новонабавената опрема не се бележи со инвентарни броеви сукцесивно во текот на годината туку тоа го прави пописната комисија паралелно со попишувањето што во голема мера и создава тешкотии за навремено и целосно извршување на своите активности.

**Препораки**

1. Министерството да пропише соодветни процедури и постапки за правилно спроведување на пописот согласно законските прописи и во текот на

наредната година целокупната опрема со која располага да биде одбележана со инвентарни броеви.

## 10.5. Неправилности во искажувањето на приходите и расходите:

10.5.1 Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на дел од направените расходи во МЖСПП поради непостоење на соодветна поткрепувачка документација, кај следниве видови расходи:

- По основ на репрезентација исплатени се средства во износ од 137 илјади денари за кои нема обезбедена целосна поткрепувачка документација. МЖСПП нема донесено интерен акт за користење на средствата наменети за репрезентација во кој ќе се дефинираат лицата кои би имале право на репрезентација како и дозволениот износ на користење. Од друга страна, невоспоставените интерни контроли во процесот на плаќање се основна причина што во првите три месеци од страна на министерството се вршени исплати за угостителски услуги за кои нема опис за видот на извршените услуги, нема податокот кој ги направил и сл. Ревизијата има обврска да истакне дека од 04 месец 2007 година, секторот за општи работи има воспоставено одредени контролни механизми кои во голема мерка ја имаат подобрено контролата на исплата на парични средства, но истите и понатаму треба да се доизградат;
- Министерството има склучено Договор со Баџак инженеринг ДОО за изградба на заштитен ободен канал во населба Баир, општина Битола, во износ од 1.997 илјади денари. Од вкупно исплатената сума согласно договорот, 736 илјади денари се без доставена времена, односно завршна ситуација. Во текот на извршувањето на градежните работи поради настанатите вонредни околности изведувачот имал изведено дополнителни работи за кои не е склучен анекс договор, што имало за последица проектот да не е завршен согласно пресметката од основниот договор. Ваквиот начин на вршење исплати и евидентирање на промените врз основа на формално неисправни и нецелосни податоци е спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и истиот дава можност за ненаменско користење на средствата.

**Препораки**

1. Министерот на МЖСПП да донесе интерен акт за користење на средствата наменети за репрезентација.
2. Одговорните лица обезбедат завршна ситуација за работи за кои е извршена исплатата согласно договорот односно за фактички извршената работа.

## 10.6. Неправилности во искажувањето на позициите на Билансот на состојба:

10.6.1. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните позиции на Материјални средства и Извори на средства во Билансот на состојба на 31.12.2007 година во вкупен износ од 74.277 илјади денари од следниве причини:

- Во МЖСПП сметководствено е евидентирана опрема (брод лабораторија - Лехмарк и патничко возило марка Форд) добиена од донации со вкупна сегашна вредност од 9.240 илјади денари, која во

исто време се води и во сметководствената евиденција на ЈНУ Хидробиолошки завод Охрид кој се јавува како краен корисник на наведената опрема согласно потпишаните договори. Со извршениот увид во приложената сметководствената документација и дополнителните аналитички постапки ревизијата констатира дека министерството не е корисник на наведените средства, ниту на крајот на годината е извршен попис на истите од страна на пописната комисија. Ваквиот нерегулиран сопственички статус има за ефект двојно евидентирање на основни средства кај два различни субјекти, и неможност за регистрација и употреба на истите, што е во спротивност со Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

- Ревизијата констатира дека дел од набавената опрема и онаа добиена без надомест (мобилни телефони) не е сметководствено евидентирана на позицијата материјални средства што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

10.6.2. Прометот на сметката Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените за 2007 година е потценет за 45.299 илјади денари, поради неевидентирање на обврските за плати во текот на годината, што е спротивно на Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Имено во министерството пресметаните и исплатени платите се евидентираат само преку соодветната расходна група при исплатата на истите. Ваквиот начин на евидентирање е резултат на повеќегодишната пракса во сметководственото евидентирање на МЖСПП која сеуште не е напуштена и има за ефект нереално искажување на обврските во одреден временски пресек.

10.6.3. Прометот на благајната (девизната и денарската) не го вклучува прометот на дадените аванси на вработените за службени патувања во земјата и странство. Во текот на 2007 година вршени се исплати на аванси на вработените за службени патувања во земјата и странство без истите да се евидентираат како побарувања. Со увид во сметководствената документација ревизијата констатира дека вработените не се раздолжуваат навремено во законски предвидениот рок, поради што постои можност за злоупотреба и времено финансирање на одделни лица.

**Препораки**

1. Министерството да превземе активности за регулирање на сопственичкиот статус и преотстапување на основните средства (брод лабораторија и патничко возило) на крајниот корисник со цел избегнување на двојно евидентирање на иста опрема.
2. Одговорните лица за сметководствено евидентирање на платите континуирано во текот на годината да ги евидентираат обврските за плати како активни временски разграничувања.
3. Одговорните лица да да воспостават сметководствена евиденција на средствата кои се исплатуваат на вработените за службени патувања во земјата и странство по основ на аванси, а вработените да се раздолжуваат навремено во законски предвидениот рок.

## 10.7. Ненаменско и незаконско користење на средства

10.7.1. МЖСПП во текот на 2007 континуирано ангажира околу 11 до 17 лица по договор на дело за вршење на редовни работни активности и за оваа намена потрошени се вкупно 1.162 илјади денари.

Ваквиот облик на склучување на договор на дело е незаконски и значи одбегнување на обврската за барање на согласност за отстапување на работник за привремени вработувања од Министерството за финасии, согласно Законот за привремени вработувања. Ангажирањето на надворешни лица на овој начин е спротивно на одредбите од Законот за привремени вработувања, Законот за извршување на буџетот и има за ефект незаконски потрошени државни средства.

10.7.2. Со Одлука на министерот исплатени се спонзорства во вкупен износ од 390 илјади денари, и тоа: 300 илјади денари за ЈЗО Општа болница Тетово за санирање на детско одделение, 30 илјади денари за Здружение на родители на лица со посебни потреби во Тетово и 60 илјади денари за фестивал во Струга кои не се во функција на работењето на министерството, и се во спротивност на Законот за буџетите. Ваквите исплати имаат за ефект ненаменско користење на средства.

**Препораки**

1. Министерот да ги раскине сите договори на дело како облик на ангажирање на лица за вршење на редовни работни задачи во министерството и сите времени вработувања да ги регулира согласно Законот за привремени вработувања.
2. Исплатата на средствата да биде во функција на работењето на министерството, согласно Законот за буџетите.

**10.8. Неприменување на Законот за јавни набавки**

10.8.1. Од Увидот во спроведените постапки за јавни набвки, ревизијата ги констатира следните отстапувања од законските процедури утврдени во Законот за јавни набавки:

- Потврдата за обезбедени финансиски средства и согласноста за пристапување за склучување договор од Министерството за финансии се обезбедуваат по склучување на договорите, а во случај на преговарање истите не се обезбедуваат;
- бодовните листи од извршената евалуација на понудите не се потпишуваат од членовите на Комисијата за јавни набавки,
- При спроведување на конкурсите за изработка на проекти, членовите на комисиите, не потпишуваат изјава за постоење или непостоење на конфликт на интереси, а резултатите од спроведениот конкурс не се објавуваат во средствата за јавно информирање.

Во спроведување на набавките од мала вредност ревизијата утврди одредени отстапувања од Правилникот за набавки од мала вредност кои се однесуват на следното:

- одлуката за набавка се донесува без претходно доставено барање до министерот,
- нема писмена покана за доставување понуди до понудувачите,
- не се почитува предвидениот рок за прибирање на понуди,
- изборот на најповолен понудувач се врши без претходно утврдени критериуми,
- договорот со избраниот понудувач се склучува пред истекот на рокот во кој понудувачите имаат право на приговор на извршениот избор.

Недоследоста во спроведувањето на пропишаните постапки согласно ЗЈН не обезбедува фер конкуреција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите која може да има за последица необјективност при изборот на понудувачите.

**Препораки**

Со оглед дека од 01.01.2008 година стапи на сила новиот Закон за јавни набавки ревизијата препорачува одговорните лица во МЖСПП да преземат соодветни активности за едукација на лицата учесници во спроведување на постапките за јавни набавки со цел да се обезбеди квалитетно и доследно извршување на утврдените процедури со Законот..

11. Според наше мислење, освен за наодите изнесени во точките 10.3.1, 10.4 и 10.6 финансиките извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за животна средина и просторно планирање – сметка за средства од буџетот на РМ, на ден 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива

12. Според наше мислење, освен за наодите изнесени во точките 10.1, 10.2.2, 10.3.2, 10.5, 10.7 и 10.8 кај Министерството за животна средина и просторно планирање - Сметка за средства од буџетот на РМ, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

13. **Превземени/непревземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2004 година.**

13.1. Во однос на препораките дадени во Конечниот ревизорски извештај за 2004 година, ревизијата го констатира следново:

- Не се превземени мерки по препораките на ревизијата во точките 11.1.1. и иститe се повторуваат во наодот 10.1.1. од овој извештај;
- За наодот утврден во точката 11.1.2 постапката е во тек, а за точките 11.2.1 и 11.4.3 делумно се превземени мерки;
- За наодот во точката 11.3.1 субјектот постапил по дадената препорака.

14. **Обелоденувања**

1. МЖСПП и фирмата Маврово АД Скопје имале започнат судски процес во износ од 1.883 илјади денари кој во текот на 2007 година судот го пресудил во корист на министерството. УЈП врз основа на Законот за даночна постапка кон крајот на 2007 година донела извршно решение за присилна наплата по основ ненеплатен даночен долг од АД Маврово, кое истото го наплаќа од паричното побарување од МЖСПП во износ од 1.883 илјади денари од буџетската сметка. Средствата кои се присилно наплатени од сметката на министерството се несновано наплатени бидејки со судската пресуда министерството нема обврска кон АДГ Маврово. Поради овие причини министерството треба да превземе постапка за враќање на средствата.

2. Ревизијата има обврска да обелодени дека преку МЖСПП врз основа извршно судско решение исплатени се вкупно 400 илјади денари. Одговорните лица во министерството непочитувајќи ги законските прописи и обврската по склучениот договор во износ од 112 илјади денари, го

довеле министерството во состојба да биде тужена страна уште во 2003 година и спорот да е изгубен во тек на 2007 година. Направените расходи имаат за ефект непланиран одлив на државни средства за сметка на остварувањето на тековните активности утврдени со Буџетот на министерството за 2007 година. Одговорните лица на министерството, треба да постапуваат во согласност со склучените договори, а во случаи кога министерството е тужена странка во судските спорови, во соработка со јавното правобранителство, да земат активно учество, со цел нивно позитивно решавање и намалување на средствата кои по овој основ се одлеваат од Буџет на РМ.

3. Министерството е тужена странка во вкупен износ од 159.589 илјади денари во судски спор со следните субјекти:

- АД Пелагонија на вредност од 4.589 илјади денари,
- ФЗЦ 11 Октомври Куманово на вредност од 155.000 илјади денари,
- За тужбите од општина Велес и едно физичко лице ревизијата не можеше да ја утврди вредноста.

Конечната разврска на овие судски спорови ќе има влијание на износот на обврските и расходите во финансиските извештаи во наредниот период.

**Скопје, 12.06.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 212.598 | 204.303 |
| **Вкупно приходи** | **212.598** | **204.303** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 45.299 | 42.166 |
| Резерви и недефинирани расходи | 45 | 3.015 |
| Стоки и услуги | 52.279 | 61.679 |
| Субвенции и трансфери | 3.053 | 1.047 |
| **Вкупно тековни расходи** | **100.676** | **107.907** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 111.922 | 96.396 |
| **Вкупно капитални расходи** | **111.922** | **96.396** |
| **Вкупно расходи** | **212.598** | **204.303** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Финансиски и пресметковни односи | 338 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 12.787 | 8.999 |
| **Вкупно тековни средства** | **13.125** | **8.999** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 74.277 | 109.424 |
| **Вкупно постојани средства** | **74.277** | **109.424** |
| **Вкупна актива** | **87.402** | **118.423** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 9.036 | 5.531 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 3.751 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 338 | 3.468 |
| **Вкупно тековни обврски** | **13.125** | **8.999** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 74.277 | 109.424 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **74.277** | **109.424** |
| **Вкупна пасива** | **87.402** | **118.423** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **109.424** | **109.424** |
| **Зголемување по основ на:** | **8.273** | **8.273** |
| Набавки | 775 | **775** |
| Набавена лабараториска опрема - Компензационен фонд | 2.499 | **2.499** |
| Информатичка опрема 631 | 4.999 | **4.999** |
| **Намалување по основ на:** | **43.420** | **43.420** |
| Амортизација | 43.306 | **43.306** |
| Расходи и отугувања | 49 | **49** |
| Отстапување без надомест | 65 | **65** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **74.277** | **74.277** |